**ВИЗИЈАТА И МИСИЈАТА БЕЗ СТРАТЕГИЈА ОСТАНУВААТ ИЛУЗИЈА**

*Секој долгорочен период носи свои предизвици и ризици кои се од витално значење за законодавниот дом, општеството, системот и граѓаните. Затоа јавноста треба да е добро запознаена и информирана за проверките и дадените оценки за извршувањата на извршната власт во временска рамка која носи предизвици и ризици од различна природа и со различни последици. Како институциите и системот ќе реагираат на овие ризици и предизвици има долгорочни импликации врз општата јавност како и трошењето на јавните ресурси и испораката на јавните услуги. Секако и последиците од овие предизвици и ризици не можат да ги одредат нивните точни и мерливи влијанија врз општеството, економијата, финансиите, социо - економските движења, политичките и стратешки процеси. Иднината и времето пред нас како непознати категории носат нови ризици кои ќе се појават неочекувано и секако дека општеството ќе има можности да извлече поуки од начинот на кој релевантните фактори ќе реагираат на овие непознаници. ДЗР позитивно одговора во насока на креирање и имплементирање на Стратегија за нејзината носечка и основна функција - извршување на навремена ревизија, ревизија со квалитет и ревизија од која има додадена вредност. Стратегијата ќе ни помогне да го синтетизираме она кое најдобро го знаеме за важни прашања и ќе им помогнеме на другите да го разберат.*

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2024 – 2027 ГОДИНА

Скопје, октомври 2023 година

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 4

1. Стратешки цели за ревизија на ДЗР ..... 6

2. Потенцијални области и приоритети на секторите за ревизија ..... 9

3. Рамка на ревизорски активности ..... 10

4. Одредување на потребните ресурси ..... 26

5. Организациски активности ..... 30

6. Предизвици и ризици кои стојат пред ДЗР за постигнување на стратешките цели и показатели за ревизиите ..... 30

7. Примена на Стратешкиот план за ревизија ..... 31

8. Ажурирање на Стратешкиот план за ревизија ..... 31

9. Надзор и мониторинг на спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2024 – 2027 ..... 31

10. Известувања за спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2024 – 2027 ..... 32

| **Користени кратенки:** | **Објаснување** |
| --- | --- |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| СЦ | Стратешка цел |
| НЦ | Непосредна цел |
| ГП | Годишна програма за ревизија |
| ЈД | Јавен долг |
| AI | Artificial Intelligence/ Вештачка интелигенција |

## ВОВЕД

Рамката за професионални објави на ИНТОСАИ (IFPP - The INTOSAI Framework of Professional Pronouncements) преку објавите на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI) и Упатствата на ИНТОСАИ (GUID) ги одредува барањата за стратешко и оперативно планирање на врховните ревизорски институции.

Барањата за стратешко и оперативно планирање на врховните ревизорски институции се во насока на утврдување на приоритети на ВРИ, заради исполнување на нивниот законски мандат и други обврски согласно регулативата и примена на професионалните критериуми за избор на области и субјекти за ревизија.

Врховните ревизорски институции имаат обврска да ги планираат и спроведат ревизиите на начин кој ќе даде уверување дека се земени предвид очекувањата на сите засегнати страни и сите предвидливи и очекувани ризици.

Во согласност со Визијата и Мисијата на врховните ревизорски институции, дадениот мандат, нивните стратешки цели, активностите на стратешко и оперативно планирање се во функција на обезбедување и исполнување на барањата на професионалната заедница за транспарентност, отчетност, интегритет и објективност на врховните ревизорски институции во нивното работење.

Овие барања на ВРИ им даваат основа за дизајнирање на документот Стратешки план за ревизија за одреден долгорочен период и за вршењето на ревизии како нејзина носечка активност, а кој документ се темели на Стратегијата за развој на ВРИ.

Зошто е потребно ВРИ да спроведе стратешко планирање за ревизии за подолг период?

Процесот на стратешко планирање бара човечки, но и финансиски ресурси. Во ВРИ каде што и двата ресурси можеби се недоволни, прашањето што може да се постави е - зошто ВРИ треба да има стратешки план? ВРИ може да извлече многу придобивки од процесот на стратешко планирање.

Стратешкото планирање ги обезбедува следните придобивки за ВРИ:

**Обезбедува континуитет во примената и следењето на своите професионални заложби, мисија и визија.**

**Обезбедува насоки** – секоја развојна инцијатива на ВРИ бара од ВРИ да знае и да одреди каде е ВРИ и каде ВРИ посакува да оди. Доколку насоките не се јасно дефинирани, тогаш ВРИ веројатно своите ресурси ќе ги троши во несигурни иницијативи кои ќе немаат додадена вредност или истата ќе биде недоволна.

**Помага ВРИ да одговори на променливото опкружување** – секоја развојна иницијатива треба да поаѓа од промените во опкружувањето и да постави реални цели според можностите, да ги процени потенцијалните ризици и да постави реални цели кои можат да се исполнат и постигнат.

**Помага да се воспостави општо заедничко разбирање за очекувањата во иднина** – стратешкото планирање му помага на ВРИ јасно да ги искаже/артикулира своите визија и мисија.

**Помага ВРИ да се развие на усогласен начин** – имајќи ги предвид сите празнини во ВРИ како целина (институционални, организациски, професионален развој, професионални барања кои се поставени во мандатот на ВРИ).

Во продолжение го претставуваме Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за периодот 2024 – 2027.

Врз основа на член 9, став 1 точка 3 и 4 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21), член 3, став 1 од Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија („Службен весник на РСМ", бр. 264/20), како и Стратегија за развој на Државниот завод за ревизија 2023 – 2027, број 01 – 1361/1 од 03.10.2022 година, Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите бр. 02 — 735/1 од 09.07.2020 година, главниот државен ревизор донесе:

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА
# НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2024 - 2027 ГОДИНА

## 1. Стратешки цели за ревизија на ДЗР

Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии и да даде поддршка на Собранието во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување во управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

За успешно да ги исполниме НАШИТЕ МИСИЈА И ЦЕЛ - водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, НАШАТА ВИЗИЈА е континуирано обезбедување квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој е истовремено носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

Стратешките цели за ревизиите за наредниот период од четири години, почнувајќи од 2024 година до 2027 година, се утврдени со Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2024 - 2027 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, бр. 03-905/1 од 07.09.2023 година (во натамошниот текст: Одлуката), изготвена врз основа на спроведените постапки согласно Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите бр. 02 - 735/1 од 09.07.2020 година од страна на секторите кои вршат ревизии во Државниот завод за ревизија и добиените информации за опфатот, значајноста и ризиците, а кои произлегуваат од стратешките цели (СЦ) и непосредните цели (НЦ) од Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2023 - 2027 година и тоа:

**СЦ 3:** Реализирање/Исполнување на нашата додадена вредност – испорака на мерливи резултати од вршењето на државната ревизија, во насока на испорака на ревизии со висок квалитет, ревизии од јавен интерес и зголемување на јавната доверба, со цел подобрување на животот на граѓаните (Резултати од Рамката за градење на капацитети) преку следните пот цели:

3.1. Испорака на мерливи резултати од ревизии на финансиски извештаи;

3.2. Испорака на мерливи резултати од ревизии на усогласеност;

3.3. Испорака на мерливи резултати од ревизии на успешност;

3.4. Испорака на мерливи резултати од комбинирани ревизии, заеднички ревизии, паралелни ревизии и др. ;

3.5. Развивање и унапредување на институционалните системи за мерење на квалитетот на испорачаните ревизорски извештаи, мерење на степенот на јавната доверба во ДЗР, мерење на степенот на задоволство на граѓаните и јавноста од работењето на ДЗР.

**СЦ 4:** - Креирање на стратешки план за потенцијални области на ревизии и проценка на предизвиците во областите од интерес и според проценка на ризици за периодот 2023 – 2027. Истите ќе бидат земени предвид при годишното планирање на ниво на ДЗР.

Со Одлуката, Главниот државен ревизор ги определи стратешките цели за ревизиите за периодот од четири години, почнувајќи од 2024 година до 2027 година како што следува:

- Давање мислење за вистинито и објективно презентирање на финансиските извештаи и резултатите од финансиските активности на субјектите кои се предмет за ревизии согласно Рамката на професионални објави на ИНТОСАИ (The INTOSAI Framework of Professional Pronouncements (IFPP), Законот за државната ревизија и прифатените сметководствени стандарди и начела;
- Давање мислење за наменско и законско користење на средства согласно позитивната законска регулатива - испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и расходи;
- Давање оценка за користењето на јавните ресурси од аспект на постигнати економичност, ефикасност и ефективност;
- Транспарентно и отчетно известување за утврдените состојби, дадените препораки и преземените/ не преземените дејствија од субјектите кои се предмет на ревизија по извршените ревизии како и покренување на предлози за подобрување на правната рамка пред Собранието на Република Северна Македонија, јавноста и сите заинтересирани страни;
- Преземање на дејствија за известување и соработка до надлежните органи во РСМ, во однос на потенцијални или откриени ризици, сомневања, незаконски дејствија и трансакции, а кои упатуваат на можни судири на интереси, корупција и измама, при вршење на

ревизиите и издавање на ревизорскиот извештај, заради проследување за нивно понатамошно постапување;

- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон подобрување на јавните услуги;
- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон зголемување на нивото на јавната свест и значење на приоритетните области од животната средина и целите на одржлив развој;
- Избор на ревизии од јавен интерес;
- Избор на ревизии како дел од меѓународните активности на Државниот завод за ревизија заради зголемување на знаењата, капацитетите и вештините на ревизорите.
- Додадена вредност од ревизиите преку давање на јасни, конкретни и конструктивни препораки кои укажуваат кон одредени слабости или проблеми, во насока на подобрување на состојбите особено за начините на управување, користење и надзор на јавните средства и превенција од корупција и управување со ризици од корупција, како и кај управувањето со јавниот долг и капиталните инвестиции.

## 2. Потенцијални области и приоритети на секторите за ревизија

Потенцијалните области и приоритети на секторите кои вршат ревизија во Државниот завод за ревизија за периодот 2024 - 2027 година, согласно определената општа рамка од Стратегијата за развој на ДЗР 2023 – 2027 година, согласно Одлуката, како и согласно поднесените стратешки планови за ревизија на ниво на сектори за ревизија се следните:

1. Борба против корупција и измами;
2. Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;
3. Подобрување на транспарентноста и отчетноста;
4. Квалитетно финансиско известување;

5. Усогласеност со регулатива;
6. Контролни механизми и нивно функционирање во државниот систем;
7. Јавен долг и користење на кредити и заеми (управување со ЈД и капитални инвестиции);
8. Одржливи развојни цели на ООН – Агенда 2030 и здрава животна средина;
9. Ефектите од користење на ЕУ средствата и од други меѓународни институции;
10. ИТ системи и безбедност и заштита на податоци;
11. Вештачка интелигенција (AI);
12. Буџет на Република Северна Македонија;
13. Државна безбедност и одбрана;
14. Политички партии и Изборни процеси во РСМ;
15. Локална самоуправа и рамномерен регионален развој;
16. Јавни комунални дејности;
17. Труд и социјална политика;
18. Образование;
19. Култура и спорт;
20. Здравствен систем;
21. Животна средина;
22. Земјоделие, шумарство и водостопанство;
23. Правосудството и владеењето на правото;
24. Економија; и
25. Сообраќај, транспорт и комуникации.

## 3. Рамка на ревизорски активности

Во согласност со стратешките цели за ревизија на ДЗР, како и стратешките цели и приоритети на секторите за ревизија, секој сектор за ревизија изготви Стратешки план за ревизија на ниво на сектор за периодот 2024 - 2027 година за областите за ревизија кои се во негова секторска надлежност. Стратешките планови за ревизија

на секторите за ревизија се изготвуваат согласно постапката утврдена во Упатството за стратешко и годишно планирање, а врз основа на обезбедени релевантни информации за опфатот, значајноста и ризиците за приоритетните области, како и врз основа на оценката на предложените под области, извршена согласно критериумите и тежинските фактори, како и со примена на професионалното расудување.

Рамката на ревизорски активности за периодот 2024 – 2027 година која ќе претставува понатамошна основа за процесите на годишното планирање на ревизии за дадениот период кај секторите има за цел да:

- обезбеди цврста основа на раководителите на секторите во давањето на стратешки насоки кои ќе се однесуваат на покриеност со идни ревизии;
- ги идентификуваат и избираат ревизии кои имаат потенцијал да ја подобрат отчетноста на јавниот сектор и администрацијата;
- ги разберат потенцијалните и присутни ризици и истите да ги земат во предвид при изборот на ревизии;
- обезбедат основи за отчетност на секторот за ревизија и да произведат ревизорска програма која оптимално може да биде постигната со очекуваните резултати и расположливите ресурси и знаења;

Согласно стратешките планови за ревизија на секторите за ревизии, утврдени се следните области и под области за ревизија по сектори за ревизија за периодот 2024 – 2027 година:

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| Сектор 1 - Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, | – Борба против корупција и измами; | – Планирање, извршување и |

| ***Сектор*** | ***Области*** | ***Подобласти*** |
|---|---|---|
| извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ | – Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Контролни механизми и нивно функционирање во државниот систем;<br>– Јавен долг и користење на кредити и заеми;<br>– Буџет на Република Северна Македонија; | управување на Буџетот на РСМ;<br>– Реализација на економската и развојната политика на државата и јавниот долг на државата;<br>– Институционални капацитети за реализација на националните антикорупциски стратегии;<br>– Контролни системи за одржување на:<br>- безбедноста,<br>- одбраната и<br>- надворешната политика на државата и<br>– Мир, правда и силни институции за намалување на насилството. |

| ***Сектор*** | ***Области*** | ***Подобласти*** |
|---|---|---|
| | – Државна безбедност и одбрана; и<br>– Цели за одржлив развој на ООН | |
| Сектор 2 - Сектор за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес | – Борба против корупција и измами;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Политички партии и Изборни процеси во РСМ; и<br>– Цели за одржлив развој на ООН | – Финансирање на сметки за редовно работење на политичките партии;<br>– Финансирање на сметките за изборната кампања;<br>– Исплатени средства за спроведување на изборните процеси и<br>– Финансиско известување. |
| Сектор 3 - Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, и трговските друштва | – Борба против корупција и измами;<br>– Квалитет на јавните услуги и прибирање, | - Планирање, извршување, управување со буџетите на единиците на локална самоуправа;<br>- Процесот на децентрализација, |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| основани од единиците на локалната самоуправа | трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Јавен долг и користење на кредити и заеми;<br>– Локална самоуправа и рамномерен регионален развој;<br>– Образование;<br>– Култура и спорт;<br>– Животна средина;<br>– Јавни комунални дејности<br>– и | рамномерен регионален развој и територијална соработка на единиците на локална самоуправа;<br>- Управување со општинскиот недвижен имот;<br>- Квалитетни услуги на граѓаните од областа на инфраструктурата, снабдување со вода за пиење и комунални услуги - јавни претпријатија и трговски друштва основани од единиците на локалната самоуправа;<br>- Управувањето со јавните претпријатија;<br>- Задолжување на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа. |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | – Цели за одржлив развој на ООН - Агенда 2030 | |
| Сектор 4 - Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт | – Борба против корупција и измами;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Контролни механизми и нивно функционирање;<br>– Одржливи развојни цели на ООН - Агенда 2030 и здрава животна средина;<br>– Ефектите од користење на ЕУ средствата и од други меѓународни институции; | – Управување, раководење и развој на јавните претпријатија и трговски друштва кои вршат дејност поврзана со: снабдувањето со електрична енергија, патна инфраструктура, радиодифузија, поштенскиот сообраќај, навигацијата и заштита на шумите;<br>– Квалитетни услуги на граѓаните во дејностите кои се однесуваат на одржливото снабдување со електрична енергија, сигурна и безбедна патна инфраструктура и сообраќај ;<br>– Обезбедување на наменско, отчетно и безбедно користење на јавните средства во ЈП и ТД на Централна власт и |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | – ИТ системи и безбедност и заштита на податоци;<br>– Економија;<br>– Сообраќај, транспорт и комуникации;<br>– Земјоделие, шумарство и водостопанство. | – Заштита на шумите и обезбедување здрава животна средина. |

| | | |
|---|---|---|
| Сектор 5 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата | – Борба против корупција и измами;<br>– Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Контролни механизми и нивно функционирање во државниот систем;<br>– Труд и социјална политика<br>– Образование;<br>– Култура и спорт;<br>– ИТ системи, безбедност и заштита на податоци | – Вработување и осигурување во случај на невработеност и надзор од областа на работните односи.<br>– Финансирање и остварување на права од пензиско инвалидското осигурување.<br>– Финансирање на социјална заштита и систем на распределба, следење и надзор во областа социјална заштита.<br>– Квалитет на социјалните услуги и недискриминација во вработувањето и социјалната политика.<br>– Образование, знаења и вештини прилагодени на пазарот на трудот и обуки за професионален развој на наставниот кадар. |

| | | |
|---|---|---|
| | – Цели за одржлив развој на ООН | – Финансирање и развојот на мрежата на национални установи од областа на културата.<br>– Финансирањето програми и проекти од национален интерес; заштитата на културното богатство, дејностите од културата, домовите на културата и заштитата на авторските и сродни права.<br>– Подготвеност на институциите од културата и спортот за борба против корупција и судир на интереси .<br>– Воспоставување на контролни механизми при финансирање на проекти финансирани од институциите од културата и спортот. |

| | | |
|---|---|---|
| Сектор 6 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството | – Борба против корупција и измами;<br>– Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Контролни механизми и нивно функционирање во државниот систем;<br>– Здравствен систем;<br>– Животна средина;<br>– Земјоделие, шумарство и водостопанство; | – Министерство за здравство;<br>– Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;<br>– Јавни здравствени установи;<br>– Програми за здравствена заштита;<br>– Подобрување на квалитетот и зголемување на достапноста на здравствените услуги;<br>– Подобрување на работните услови и на системот за регрутирање и задржување на медицински персонал;<br>– Подобрување на системот за контрола и надзор на квалитетот на лабораториските услуги;<br>– Имплементација на програмите за заштита на животната средина и програмите за мониторинг и заштита од |

| | | |
|---|---|---|
| | – Цели за одржлив развој на ООН. | загадувањето на водата, воздухот и почвата;<br>– АД Водостопанство;<br>– Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој и<br>– Поттикнување на развојот на земјоделството, финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, храна и ветеринарство. |

| | | |
|---|---|---|
| Сектор 7 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите | – Борба против корупција и измами;<br>– Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива и легислатива;<br>– Јавен долг и користење на кредити и заеми;<br>– Цели за одржлив развој на ООН – Агенда 2030;<br>– Правосудството и владеењето на правото | – Јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност;<br>– Унапредување на стандардите на пенитенцијарниот систем;<br>– Поддршка и развој на домашните претпријатија и подобрување на конкурентноста;<br>– Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија;<br>– Планирање и одржливо искористување на ресурсите и природните богатства и<br>– Управување со железнички, патен и воздушен сообраќај. |

| | | |
|---|---|---|
| | – Економија;<br>– Сообраќај, транспорт и комуникации. | – Управување со патна инфраструктура.<br>– Планирање и развој на градежништво/ станбена и комунална изградба и домување. |

| ***Сектор*** | ***Области*** | ***Подобласти*** |
|---|---|---|
| Сектор 9 - Сектор за ревизија на информациски системи | – Квалитет на јавните услуги и прибирање, трошење и користење на јавните средства и ресурси;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива и легислатива;<br>– ИТ системи, безбедност и заштита на податоци<br>– Вештачка интелигенција (AI)<br>– Цели за одржлив развој на ООН - Агенда 2030. | – Информациски системи за подобрена транспарентност и отчетност и квалитетно финансиско известување;<br>– Употреба на информатичката технологија во поддршка на надлежностите на субјектите од јавниот сектор;<br>– Безбедност и заштита на податоците кај субјекти од јавниот сектор;<br>– Јавни услуги со употреба на ИКТ и<br>– Интегриран информациски систем за информации за финансиско управување (IFMIS) . |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| Сектор 10 - Сектор за ревизија на корисници на средства од Европската унија и на корисници на средства од други меѓународни институции | – Борба против корупција и измами;<br>– Подобрување на транспарентноста и отчетноста;<br>– Квалитетно финансиско известување;<br>– Усогласеност со регулатива;<br>– Контролни механизми и нивно функционирање во државниот систем;<br>– Ефектите од користење на ЕУ средствата и од други меѓународни институции;<br>– Јавен долг и користење на кредити и заеми (управување со ЈД и капитални инвестиции); | – Поединечни програми од ЕУ Фондови (HORIZONT, ERAZMUS, IPA и др) во различни области;<br>– Реформи во основното образование;<br>– Систем за трговски регистар;<br>– Воведување и имплементација на Интегриран Информациски систем за информации за финансиско управување (IFMIS) финансиран од Меѓународни финансиски институции и<br>– Зелена транзиција преку поттикнување и промоција на: ОИЕ, Енергетска ефикасност, собирање на отпадни води и самоодржлив систем за управување со отпад. |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | – ИТ системи, безбедност и заштита на податоци и<br>– Одржливи развојни цели на ООН – Агенда 2030 | |

## 4. Одредување на потребните ресурси

Спроведувањето на нашата мисија и цели како и реализацијата на нашата визија единствено е можно преку добивање на статус на професионална ВРИ. Овој статус подразбира пред се ангажман на компетентни вработени со грижа за нивниот професионален развој, создавање и одржување на здрава работна средина и опкружување, мерење на степенот на извршувањата на ВРИ и континуирано прегледување на квалитетот на извршените ревизии. Согласно утврдените стратешки цели, области и под области за ревизија, потребните човечки, материјални и финансиски ресурси за спроведување на ревизиите во период 2024 - 2027 година, како и временската рамка за нивна реализација ќе бидат утврдени со поодделните годишни програми за работа на ДЗР. При подготовка на поодделните годишни програми за работа на ДЗР ќе се имаат во предвид одобрените буџети за работа на ДЗР за секоја година одделно за која се однесува Стратешкиот план за ревизија, обезбедената финансиска и техничка помош од професионалната заедница на INTOSAI, како и билатералните и мултилатералните професионални соработки со други организации кои ДЗР тековно ги остварува и ќе ги оствари во периодот за кој се однесува Стратешкиот план за ревизија на ДЗР. Поодделните елементи од кои во генерална инстанца зависи примената на Стратешкиот план за ревизија и Годишните програми за работа на ДЗР за периодот кој го опфаќа Стратешкиот план за ревизија како и проценетите потенцијални и веројатни ризици ќе се земат предвид при годишното планирање и истите се дадени како проекции и очекувања.

Рамката за проекциите кај потребните ресурси се однесува на следните податоци:

- Среднорочни проекции на Буџетот на ДЗР за периодот 2024 - 2027 доставени до Министерството за финансии за периодот 2024 – 2027 .
- Одобрени донации од EUROSAI и ВРИ на Саудиска Арабија во опрема и услуги со противвредност од 15.000 € и 30.000 USA $ за целите на „подобрување на отпорноста и континуитетот во работењето на ВРИ преку ИКТ решенија[1] за време на Covid-19“ и „организирање на настани и состаноци на кои ќе бидат презентирани резултатите од заедничкиот ревизорски извештај од кооперативната ревизија

"Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата".

- Донации/грантови/помошти кои започнале во изминат период и ќе продолжат во периодот 2024 – 2027 со следните области на поддршка:

| | |
|---|---|
| UN WOMEN | поддршка во спроведување на родовите ревизии |
| UNDP | поддршка во спроведување на ревизии во областа на целите за одржлив развој |
| NDI | поддршка во делот на зајакнување на соработката помеѓу ДЗР и Собранието и имплементација на потпишаниот Меморандум за соработка, но и во извршните транзиции |
| WFD | поддршка делот на зајакнување на соработката со засегнатите страни, Јавното обвинителство и спроведувањето на ревизијата на успешност - Value for money |
| USAID | поддршка во делот на активностите на ДЗР во борбата против корупцијата |
| IFES | поддршка во делот на спроведување на ревизиите на политичките партии и изборните кампањи |
| Riksrevisjonen - ВРИ на Кралство Норвешка | поддршка во делот на зголемување на знаењата и вештините на државните ревизори |

- Состојбата на вкупниот број на вработени според систематизирани работни места во ДЗР со 2023 година е 245 вработени од кој број 238 вработени се предвидени за извршување на ревизорските активности. Фактичката состојба со пополнети звања на 1 октомври 2023 година е 120 вработени од кои 110 се во функција на извршување на активности на ревизии. Во периодот од 2019 до 2022 година евидентен е порастот на вкупен број на вработени за секоја поединечна година во однос на 2019 година кој е зголемен за 26% во 2021 година, 30% во 2022 година и со октомври 2023 година

35%. Флуктуација на вкупниот број на вработени за периодот 2019 – 2023 година која треба да се земе предвид при проценка на човечките ресурси од областа на ревизорската професија за периодот 2024 – 2027 година е следната:

| Состојба на човечки ресурси - учество на државни ревизори | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| **Година** | **Вработени** | **Државни ревизори** | **Државни ревизори** |
| | **Вкупно** | | **% на учество** |
| | | | |
| 2019 | 89 | 80 | 89,88% |
| | | | |
| 2020 | 98 | 91 | 92,86% |
| | | | |
| 2021 | 115 | 103 | 89,57% |
| | | | |
| 2022 | 116 | 104 | 89,66% |
| | | | |
| 2023* | 120 | 110 | 91,67% |

- Состојбата и движењето на опфатот по број на извршени ревизии во периодот 2019 – 2022 кои треба да се имаат предвид при проценка и проекции на обемот на работа во ревизијата, односно за проекција на опфатот на ревизии како на стратешко ниво така и на годишно ниво кај секторите кои вршат ревизија се следните:

**Опфат по број на извршени ревизии во периодот 2019 - 2022**

| Вид на ревизија | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на регуларност | 74 | 65 | 56 | 171 | **366** |
| Ревизија на успешност | 6 | 7 | 7 | 12 | **32** |
| Ревизија на усогласеност | 5 | 7 | 3 | 5 | **20** |
| Ревизија на специфични елементи, сметки или ставки од ФИ | 3 | | | | **3** |
| ИТ ревизија како посебна ревизија | | 1 | 2 | | **3** |
| **ВКУПНО за периодот:** | **88** | **80** | **68** | **188** | **424** |

Напомена: Податоците се преземени од официјално објавените ГИ за работење на ДЗР за истите години. Податоците за опфатот за 2023 година ќе бидат конечни со ГИ за работењето на ДЗР за 2023

Основно влијание врз одредувањето на потребните ресурси за работата на секторите за ревизија секако ќе имаат Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР 2024 – 2027 година, како и Среднорочните проекции на буџетот на ДЗР за 2023 – 2027 година доставени од ДЗР.

Планираниот број на ревизии по видови за периодот 2024 – 2027 година е како што следува:

| Вид на ревизија | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Ревизија на регуларност | 54 | 53 | 51 | 50 |
| Ревизија на успешност | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Ревизија на усогласеност | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ИТ ревизија како посебна ревизија | 2 | 2 | 3 | 3 |
| Вкупно: | 65 | 66 | 67 | 68 |

## 5. Организациски активности

Временското распоредување на ревизиите, бројот на потребни ревизори, проценката на составот на ревизорските екипи заради обезбедување на разбирања и знаења на ниво на ревизорски тим, потребниот број и вид на обуки, потребата за дополнителна опрема на државните ревизори за непречена реализација на предвидените ревизии, ангажманот на потребни надворешни соработници од специфични области за ревизии ќе бидат утврдени со годишните програми за работа на ДЗР по сектори како и со годишните програми за континуирано професионално усовршување и обука на државните ревизори, за период 2024-2027 година.

## 6. Предизвици и ризици кои стојат пред ДЗР за постигнување на стратешките цели и показатели за ревизиите

Клучните ризици за постигнување на креираните стратешки цели и показатели за ревизиите поаѓаат и се темелат врз дадените Предизвици пред Државниот завод за ревизија од Стратегијата за развој на ДЗР за 2023 – 2027 година и одредени се од развиената Стратегија за управување со ризици на ДЗР за 2024 – 2027 година.

Во таа насока ДЗР ги прифати и ги зема предвид[1] следните категории на генерални предизвици/ризици кои се појдовни за секоја ВРИ:

- Стратешки ризици
- Административни, правни и финансиски ризици
- Оперативни ризици
- Етички ризици
- Надворешни ризици

ДЗР детално ги разработи и дизајнира потенцијалните и реални ризици во посебна Стратегија за управување со ризици на ДЗР за 2024 – 2027 година која секторите за ревизија треба да ја имаат предвид при годишното планирање на ревизиите.

[1] Предизвиците и ризиците детално се дадени во усвоената и објавена Стратегијата за развој на ДЗР 2023 – 2027под бр. 01 – 1361/1 од 03.10.2022;

## 7. Примена на Стратешкиот план за ревизија

Врз основа на овој Стратешки план ќе се изготвуваат годишните програми за работа на Државниот завод за ревизија за периодот 2024 - 2027 година, во кои ќе бидат содржани прегледи на субјекти за вршење на ревизии според видови на ревизии, врз основа на предлози од секторите кои вршат ревизија, изготвени со примена на критериумите за избор и резултатите од мерењата на применетите критериуми, примена на проценка на ризици, јавниот интерес, материјалноста, како и примена на професионалното просудување. Секторите за вршење на ревизии се задолжени да ги спроведуваат и реализираат ГП за работа на ДЗР за годината за која се однесуваат.

## 8. Ажурирање на Стратешкиот план за ревизија

Овој Стратешки план ќе се ажурира согласно потребата за ажурирање на стратешките планови за ревизија на ниво на сектори кои се ажурираат според потребите на годишно ниво за секоја година (т.н. rolling forward – ажурирање за 2023/24, 2024/25, 2025/26, 2026/27). Ажурирањето подразбира повторно прегледување на можните и нови ризици на предлог листата или дополнување на истата со нови предлози за кои иницијативите ги поднесува секторскиот ПГДР.

## 9. Надзор и мониторинг на спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2024 – 2027

Надзорот и мониторингот на степенот на спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2024 – 2027 треба да се врши заради оценка на извршувањата во однос на очекуваните резултати во доменот на планираните и спроведени ревизии за периодот за кој е донесен Стратешкиот план за ревизија. Оваа активност подразбира неколку предуслови:

- Развивање на мерки и индикатори за мерење на степенот на извршување на Стратешкиот план за ревизија наспроти очекуваните резултати;

- Одредување на празнините (доколку се појават) во исполнување на поставените стратешки цели во Стратешкиот план за ревизија и нивните причини;
- Мерење и анализа на институционалната и оперативна ефикасност и ефективност, заради исполнување на барањата на транспарентна и отчетна ВРИ;
- Основи за ажурирање и потенцијални промени на стратешките и годишните планови за ревизија на систематски, лесен и ефикасен начин.

Надзорот и мониторингот на степенот на примена и спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР има неколку корисни аспекти и тоа:

- Ќе му овозможи на ДЗР да го следи напредокот;
- Ќе му овозможи на ДЗР да преземе превентивни дејствија или навремени корективни активности за оние работи кои не се движат во посакуваната насока и со посакуваната динамика или не се движат во согласност со планираните активности;
- Ќе му овозможи на ДЗР да ги процени слабите и силни страни на ниво на сектори и на ниво на институција;
- Истите овие проценки за ДЗР ќе послужат како добри појдовни и влезни информации при дизајнирање на стратешки план за ревизија за нареден период.

Надзорот и мониторингот над степенот на спроведување и примена на Стратешки план за ревизија се врши според линиска поставеност – ПГДР во поединечните сектори кои вршат ревизија, а на ниво на ДЗР надзорот и мониторингот го врши лице кое го назначува Главниот државен ревизор.

## 10. Известувања за спроведување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2024 – 2027

Известувањата за степенот и примената на Стратешкиот план за ревизија ќе се вршат на полугодишни и годишни нивоа во месец ноември за претходната година. Воспоставениот систем и добрата практика во ДЗР обезбедуваат релевантни и навремени податоци за степенот на примена на стратешкиот план за ревизија за периодот, а кои се основа за годишните програми за вршење на ревизии преку редовни известувања дадени од

секторските ПГДР пред ГДР и Колегиумот на ДЗР, како и преку генерираните и јавно објавени годишни извештаи за работењето на ДЗР на годишно ниво. Известувањата ќе послужат за анализи и оценка на степенот на извршувања кај ревизиите, степенот на ревизорски ангажман кај човечките ресурси, реално потребните и потрошени финансиски ресурси за спроведување на ревизиите, одлуките на ГДР на ниво на ДЗР кои се носат во идни насоки за опфатот и тежината на предложените ревизии и за вкупниот иден развој на ДЗР како целина.

Број 01-906/1

Скопје,07.09.2023 година

**Главен државен ревизор**

м-р Максим Ацевски